Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н ИК

од Деветтата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество,
одржана на 26.02.2026 година

Скопје, февруари 2026 година

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

од Деветтата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество,
одржана на 26.02.2026 година

Седницата започна во 10:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Никица Кусиникова, Здружение Конект Скопје.

На седницата присуствуваа членовите: Лидија Најдова-Ниневска - Министерството за внатрешни работи, Александра Цветановска-Министерство за правда, Бети Попова-Министерство за економија и труд, Јован Грповски-Министерство за здравство, Весна Виѓњевиќ-Министерство за образование и наука, Александра Крстеска Ангеловска-Министерство за социјална политика, демографија и млади, Стефан Вангелски-Министерство за локална самоуправа, Снежана Ристовска - Министерство за култура и туризам, Сашо Секуловски-Министерство за животна средина и просторно планирање, Валентина Величковска-Македонски центар за меѓународна соработка Скопје, Маја Атанасова – Македонско здружение на млади правници Скопје, Беба Жагар – Институт за европска политика Скопје, Моника Илиоска Кантарџиоска - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Сузана Стојановска - Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје, Мартина Иљаз-Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ-Скопје, Елизабета Божиноска – ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Скопје, Емилиа Ѓероска - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО Локал Битола, Зоран Димов - Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија–ЗРДИЦМ Скопје и Драгица Вучковиќ -Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола.

На седницата не присуствуваа членовите на Советот или нивните заменици: Суеда Бајрами или Егзона Локи - Министерство за односи меѓу заедниците, Даница Насова-Иванова или Марија Николовска Ѓорѓиев - Министерство за европски прашања, Ангелина Јакимовска или Оливера Маркоска Ивановски-Министерство за финансии, Оливера Јакшиќ Транталовска или Марјан Патлиџанковски-Министерство за дигитална трансформација, Дарко Аврамовски или Лајла Тутиќ-Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", Теа Зографска или Мартина Станковиќ-Национален совет за родова рамноправност, Бардил Јашари или Данче Даниловска Бајдевска-Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Скопје.

На седницата на Советот присуствуваа и претставници на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Миа Деспотовска и Елпида Самарџиоска од Секторот за анализа на политиките и координација и Илир Османи од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење.

*

*     *

Врз основа на доставениот Предлог-дневен ред и предлогот на Валентина Величковска дневниот ред да се дополни со нова точка, Планови и Програми на министерствата за финансиска поддршка на граѓански организации во 2026 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го утврди следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Записникот од Осмата седница на Советот, одржана на 27.1.2026 година

1. Нацрт-Извештај за работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2025 година

2. Нацрт-Годишен извештај за 2025 година за спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025 – 2028

3. Нацрт-Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2025 година

4. Планови и Програми на министерствата за финансиска поддршка на граѓански организации во 2026 година

5. Прашања и предлози

*

*   *

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество едногласно и без забелешки го усвои Записникот од Осмата седница на Советот, одржана на 27.1.2026 година

*

*   *

**<u>Точка 1</u>**

Никица Кусиникова ја отвори седницата, поздравувајќи ги присутните и отвори расправа по првата точка од дневниот ред, Нацрт-Извештај за работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2025 година, подготвен од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата.

На барање на претседателката на Советот, Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека во Извештајот даден е осврт на надлежностите и составот на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, бројот на одржани седници, мислењата кои Советот ги доставил до Владата во 2025 година, материјалите што се подготвени на предлог на членови на Советот од редот на граѓанските организации, материјалите подготвени од Одделението за соработка со невладини организации, како и две реакции на Советот на постапки за финансиска поддршка на граѓански организации од ресорните министерства. Посочи дека во Извештајот е содржан дел што се однесува на номинирани претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела; во работни тела на Собранието, Владата и органите на државната управа, како и постојаните работни групи на Советот. Посебен осврт беше даден за јавноста во работењето на Советот, и спроведувањето на планот за координација и комуникација со граѓанските организации на членовите на Советот од редот на граѓанските организации. Како составен

дел на Извештајот, исто така беа презентирани активностите на Одделението за соработка со невладини организации, како административно-техничка поддршка на Советот, неколку клучни согледувања кои ја одбележаа 2025 година, како и прилози за номинираните претставници на граѓанските организации во советодавни и работни тела во вид на табела, составот на Советот согласно Решението на Владата и евиденција за присуството на членовите. Таа информираше дека Министерството за здравство и Министерството за животна средина и просторно планирање доставија номинација на нови членови и заменици членови и дека во тек е постапка за измена на решението за составот на Советот.

Драгица Вучковиќ предложи при објавувањето на јавни повици за финансиска поддршка на граѓанските организации на локално ниво, во Комисиите за распределба на средства да има претставници од Советот. Никица Кусиникова, потсети дека Советот сепак има советодавна, но не и извршна функција, предлагајќи работната група за потребите на организациите на локално ниво да направи анализа на претходното искуство и да размисли за доставување на предлог за зголемена транспарентност и конзистентност на процесите за обезбедување на финансиска поддршка, преку учество на граѓанските организации.

Валентина Величковска предложи да се направат неколку дополнувања на Извештајот, во насока на потенцирање на ефективноста на Советот, истакнувајќи дека треба да биде видлив ефектот од реакциите на членови на Советот на постапки за финансиска поддршка на граѓански организации од ресорни министерства. Дополнително, укажа на потребата за информираност на граѓанските организации во однос на тоа дека Советот работи по нов Деловник и Програма за работа, како и конкретизирање на активностите на номинираните членови на Советот во работни тела и работни групи. Потенцираше дека во извештајот, меѓу другото, треба да биде наведено дали сите членови на Советот од редот на граѓанските организации редовно ја исполнуваат нивната обврска за информирање согласно Деловникот за работа на Советот, како и да се има предвид член 10 од Одлуката за формирање на Советот, во која е наведено дека „на предлог на претседателот или член на Советот во работата на Советот може да учествуваат и стручни лица од определени области, заради давање мислења по прашањата што се на дневен ред на седницата." Во однос на отсуствата, препорача во наративниот дел да се нотираат сите членови кои имаат повеќе од три последователни отсуства.

Маја Атанасова и Елизабета Божиновска ги поддржаа предлозите за дополнување на Извештајот и оценија дека претходно наведените сугестии, но и предизвиците за спроведување на Програмата за работа на Советот 2025-2026 би требало да бидат содржани во делот на „Клучни согледувања и препораки".

Моника Илиоска Кантарџиоска апелираше за зголемување на одговорноста кај сите членови на Советот во однос на присуството на седниците, имајќи предвид дека се работи за јавно избрани и именувани лица и потсети дека сите имаат заменици членови со кои треба да се усогласуваат во однос на исполнувањето на обврските.

<u>**Заклучоци:**</u>

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество заклучи Нацрт-Извештајот за работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2025 година повторно да се стави на дневен ред на наредната седница на Советот.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да го дополни Нацрт-Извештајот за работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското

општество во 2025 година, согласно дискусијата на седницата, со информации поврзани со ефективноста на работата на Советот и отсуство на членови од седниците на Советот, а делот „Клучни согледувања" да се замени со препораки, особено:

- Предлозите на закони, стратегии и програми кои што се однесуваат или влијаат на развојот и делувањето на граѓанските организации или содржат области и приоритети за финансиска поддршка на граѓанските организации, ресорните министерства да ги доставуваат на мислење до Советот, пред нивното доставување до Владата.
- Членовите или замениците членови на Советот редовно да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на Советот.

**Точка 2**

На барање на претседателката на Советот, Елпида Самарџиоска од Одделението за соработка со невладини организации, го презентираше Нацрт-Годишниот извештај за 2025 година за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025 – 2028. Таа информираше дека Извештајот е подготвен врз основа на анализа на податоци, информации и документи добиени од членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество од министерствата, како и анализа на одговорите од двете online анкети спроведени во јануари 2026 година, преку Прашалник за мерење на вредноста на показателите од Акцискиот план во 2025 година, дистрибуиран до 9.314 активни граѓански организации, според Отворените податоци на Централниот регистар и Прашалник за мерење на вредноста на показателот: Број на иницијативи/предлози од граѓански организации во секторските работни групи, дистрибуиран до одговорните лица за Секторските работни групи во ресорните министерства. Направен беше краток преглед на постигнатите резултати во однос на реализацијата на мерките и активностите во 2025 година, со посебен осврт на Предлог-законот за здруженија и фондации, Предлог-законот за социјални претпријатија, активностите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, консултациите со засегнатите страни, но и работата на секторските работни групи. Како предизвици и ризици за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата беа издвоени: Воспоставување на гарантен фонд за финансиска поддршка на граѓански организации што аплицираат и се добитници на проекти од европски и други фондови, за кои е потребен процент на учество односно кофинансирање и Недоволна информираност на граѓанските организации за работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, а дадени беа и препораки за нивно надминување.

Моника Илиоска Кантарџиоска побара дополнителна информација од Министерството за образование и наука во однос на одржаните дебати за можностите за обезбедување услуги финансирани од државата во областа на образованието, во однос на тоа кога и каде се одржале и каде може да се најдат заклучоците.

Валентина Величковска истакна дека 2025 година е успешна во однос на реализацијата на Акцискиот план за Стратегијата, меѓутоа изрази загриженост за индикаторот кој покажува дека само 36.14% од граѓанските организации го препознаваат Советот како релевантно тело за соработка и влијание во креирање на политики за развој на граѓанското општество, предлагајќи ова прашање да биде точка на дневен ред на некоја од наредните седници на Советот, со цел да се преземат конкретни мерки во рамки на Комуникациската стратегија на Советот.

Никица Кусиникова предложи да преформулира делот од Извештајот каде е наведено дека „Министерството за финансии континуирано се залага за зголемување на средствата кои се наменети за финансирање на граѓанските организации“, имајќи предвид дека издвоените средства за финансирање не се соодветни на потребите на граѓанските организации и дека сеуште недостасува механизам за транспарентно и отчетно државно финансирање.

**Заклучок:**

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го разгледа Нацрт-Годишниот извештај за 2025 година за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 и утврди позитивно мислење, со укажување материјалот да се дополни согласно дискусијата на седницата на Советот, и тоа:

- Да се наведат повеќе податоци за активностите на Министерството за образование и наука во однос на одржаните дебати за можностите за обезбедување услуги финансирани од државата во областа на образованието;
- Да преформулира делот каде е наведено дека Министерството за финансии континуирано се залага за зголемување на средствата кои се наменети за финансирање на граѓанските организации, имајќи предвид дека издвоените средства за финансирање не се соодветни на потребите на граѓанските организации и дека сеуште недостасува механизам за транспарентно и отчетно државно финансирање.

## Точка 3

На барање на претседателката на Советот, Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации се изработува континуирано од 2022 година и дека содржи анализа на повеќе аспекти од процесот на консултации со граѓанските организации. Таа посочи дека втора година по ред, во соработка со Швајцарската програма за поддршка на граѓанското општество „Цивика мобилитас“, се организира Годишна конференција - Саем на граѓански организации, која во ноември минатата година се одржала со над 250 претставници на граѓански организации и обраќања на претседателот и членови на Владата. Во однос на консултациите за Годишната програма за работа на Владата, таа истакна дека секоја година во втората половина на август се објавува јавен повик преку кој граѓанските организации доставуваат иницијативи. Истите се препраќаат до ресорните министерства, кои доколку не ги прифатат доставуваат образложение, а иницијативите и одговорите се објавуваат на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk. Во делот на користењето на ЕНЕР, информираше дека има мало подобрување во однос на објавувањето на предлог-законите во споредба со претходната година. Таа посочи дека одредени министерства редовно ги објавуваат предлог-законите кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата, додека има министерства кои не ги објавуваат предлог-законите за консултација на ЕНЕР. Информираше дека од 23 објавени предлог-закони биле доставени 199 коментари, од кои 20 од граѓански организации. Во извештајот е вклучен табеларен приказ со број на коментари, број на организации и информација дали ресорните министерства одговориле на доставените забелешки. Во однос на стратегиите, Сузана Никодијевиќ-Филиповска истакна дека од девет утврдени стратегии, четири биле објавени на ЕНЕР и не биле доставени коментари од засегнати страни. Во делот на работните групи за подготовка на предлози на закони и стратегии во 2025 година, таа наведе дека во 57% од работните групи имало претставниците од граѓанските организации. Во однос на оценката за придонесот на граѓанските организации во креирањето јавни политики, 30 проценти од

министерствата го оцениле придонесот како суштински, 50% како задоволителен, 10% како недоволен, а 10 % немале мислење. Во продолжение ги презентираше препораките од Извештајот, со цел поттикнување на поголема вклученост на граѓанските организации во сите фази од процесот на креирање јавни политики.

Елизабета Божиноска истакна дека суштината на извештајот треба да биде реалната вклученост на граѓанскиот сектор, односно ефектот од консултациите, а не само формалниот процес. Таа посочи дека е важно да се следи дали доставените иницијативи навистина се прифатени и каков е нивниот резултат во финалните текстови на законите и стратегиите. Дополнително укажа на потребата методологијата да се појасни и да се овозможи квалитативно следење на прифатените предлози.

Зоран Димов посочи дека ревидираната Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 не била објавена на ЕНЕР и дека нема информации за нејзината имплементација, нагласувајќи дека е потребна поголема транспарентност во овој процес. Александра Цветановска информираше дека е закажана презентација за имплементацијата на Стратегијата на 4.3.2026 година, додека Мартина Иљаз посочи дека постои драфт документ за мониторинг кој може да се сподели.

Валентина Величковска предложи да се укаже на министерствата за навремено информирање на Советот при формирање работни групи и организирање јавни расправи, како и задолжително да се објавуваат одговорите на коментарите на ЕНЕР.

Емилиа Ѓероска укажа дека одредени министерства немаат претставници во Советот и дека е потребно писмено обраќање за добивање информации. Побара подетални информации за процесот на консултации за предлозите на закони од надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Александра Цветановска отвори прашање за методологијата на следење на консултациите за предлозите на закони, укажувајќи дека Извештајот не ја дава целосната слика за користењето на ЕНЕР. Министерството за правда во 2025 година спровело консултации преку формирање на работни групи и објава на ЕНЕР на 13 предлог-закони.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска појасни дека Извештајот се базира на анализа на квалитетот на процесот на консултации при подготовка на предлозите на закони утврдени од Владата во 2025 година и дека податоците за објава на ЕНЕР се усогласени со Годишниот извештај за спроведување на проценка на влијанието на регулативата што го подготвува Министерството за јавна администрација.

Валентина Величковска предложи како дополнување да се прикаже и вкупниот број на објавени предлог-закони на ЕНЕР во текот на годината како индикативен податок.

Никица Кусиникова предложи во препораките да се зајакне делот за одговорите на иницијативите во рамки на Годишната програма на Владата и темата за квалитетот на консултациите да се стави како посебна точка на некоја од следните седници на Советот.

<u>Заклучок:</u>

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го разгледа Нацрт-Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2025 година и утврди позитивно мислење, со укажување материјалот да се дополни согласно дискусијата на седницата на Советот, и тоа:

- Во делот за користење на ЕНЕР како алатка за консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, да се наведат податоци за сите објавени предлог-закони на ЕНЕР во 2025 година, по министерства и да се дадат повеќе информации за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Делот Препораки да се дополни со: Органите на државна управа да обезбедат суштински дијалог со граѓанските организации во однос на нивните иницијативи по јавниот повик на Генералниот секретаријат за придонес на граѓанскиот сектор во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата; и По завршување на консултативниот процес на ЕНЕР, министерствата да ја ажурираат содржината на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата (да објават Предлог-извештај за ПВР), а делот „Консултации" да содржи преглед на добиените мислења, со образложение на причините поради кои забелешките и предлозите не се прифатени.

## Точка 4

Валентина Величковска предложи министерствата што доделуваат финансиска поддршка за граѓанските организации да достават писмени информации за плановите и програмите за финансирање во 2026 година.

Лидија Најдова-Ниневска информираше дека Министерството за внатрешни работи нема програма за финансиска поддршка на граѓански организации за 2026 година.

Весна Виќњевиќ информираше дека Министерството за образование и наука доделува средства на акредитирани здруженија на наставници од областа на математиката, информатиката и природните науки, во рамките на програмата за основно образование и програмата за средно образование.

Снежана Ристовска информираше дека Министерството за култура и туризам, согласно Законот за култура, Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2026 година ги спроведе во септември 2025 година, преку Националниот портал за е-услуги.

**Заклучок:**

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество заклучи на наредната седница на Советот, членовите од редот на органите на државната управа кои доделуваат финансиска поддршка на граѓански организации, да достават писмени информации за плановите и програмите на министерствата за 2026 година.

## Точка 5

Никица Кусиникова искажа загриженост што Советот не беше информиран од ресорното министерство дека Предлог-законот за социјални претпријатија е објавен на ЕНЕР и препорача овој предлог-закон да се разгледа на наредната седница на Советот, на која да се поканат претставници од надлежниот сектор на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Моника Илиоска Кантарџиоска праша за статусот на спроведување на активноста од Програмата на Советот 2025-2026 за воспоставување канал за директна комуникација за иницијативи од граѓанските организации, на што Сузана Никодијевиќ-Филиповска одговори дека во рамки на новата веб-страница www.nvosorabotka.gov.mk ќе се разгледа оваа можност и предложи прашањето да се уреди со Комуникациската стратегија на Советот.

<u>Заклучок:</u>

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество заклучи Предлог-законот за социјални претпријатија да се стави на дневен ред на наредната седница на Советот и да се поканат претставници од надлежниот сектор на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Седницата заврши во 13:10 часот.

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество

Никица Кусиникова

ДОСТАВЕНО ДО:

- Лидија Најдова-Нинeвска и Гоце Стоиловски- Министерство за внатрешни работи
- Бојана Босилкова и Александра Цветановска - Министерство за правда
- Суеда Бајрами и Егзона Локи - Министерство за односи меѓу заедниците
- Даница Насова Иванова и Марија Николовска Ѓорѓиев- Министерство за европски прашања
- Ангелина Јакимовска и Оливера Маркоска Ивановски - Министерство за финансии
- Елизабета Поп-Ангелова и Бети Попова - Министерство за економија и труд
- Јован Грповски и Весна Блежески Синадинова - Министерство за здравство,
- Весна Виќњевиќ и Александра Анчева - Министерство за образование и наука
- Шпреса Саиди и Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Стефан Вангелски и Александра Куновска - Министерство за локална самоуправа
- Снежана Ристовска и Ирина Димовска - Министерство за култура и туризам
- Оливера Јакшиќ Транталовска и Марјан Патлиџанковски- Министерство за дигитална трансформација
- Сашо Секуловски и Маријан Коловски  - Министерство за животна средина и просторно планирање
- Валентина Величковска и Дарко Димов - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје
- Дарко Аврамовски и Лејла Тутиќ - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење" Скопје
- Маја Атанасова и Бојана Божиновска Силјановска - Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје
- Симонида Кацарска и Беба Жагар - Институт за европска политика Скопје
- Никица Кусиникова и Виктор Мирчевски - Здружение Конект Скопје
- Моника Илиоска Кантарџиоска и Томислав Гајтаноски - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп
- Сузана Стојановска и Ирена Лозана- Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје
- Асиб Зекир и Мартина Иљаз – Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ Скопје
- Теа Зографска и Мартина Станковиќ - Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје
- Елизабета Божиноска- ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ- Заедно посилни, Скопје
- Емилиа Ѓероска и Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола
- Зоран Димов- Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје и Ахмет Јашаровски – Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово
- Бардил Јашари и Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје
- Драгица Вучковиќ и Милорад Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола

Подготвиле: Елпида Самарџиоска, помлад соработник во Одделение за соработка со невладини организации
Миа Деспотовска, раководител на Одделение за соработка со невладини организации
Одобрила: Сузана Никодијевиќ Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација